РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

*ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА*
**Бр.08-2459/1 од 07.05.2024 година**
СКОПЈЕ

Врз основа на член 50 став (1) точка 13 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 4 став (2) од Законот за заштита на укажувачи ("Службен весник на РМ" бр.196/15, 35/18 и "Службен весник на РСМ" бр.257/20), член 2 став (1) од Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.46/16), член 2 став (1) од Правилникот за заштитено надворешно пријавување ("Службен весник на РМ" бр.46/16) и член 2 од Правилникот за спроведување на процедури за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за заштита на личните и другите податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи, а применувајќи ги прописите за заштита на личните податоци и заштита на класифицираните информации, бр.08-776/1 од 14.02.2022 година, Градоначалникот на Општина Гази Баба го дава следното

# О В Л А С Т У В А Њ Е

1. **СЕ ОВЛАСТУВА** административниот службеник **МИТКО АЏИКОТАРЕВ**, на работно место раководител на одделение за локален економски развој - сектор за локален економски развој и европски интеграции, (контакт податоци: 070/256-380, e-mail mitko@gazibaba.gov.mk), за прием на пријави за заштитено внатрешно и надворешно пријавување од страна на укажувачи во врска со повреда на законските надлежности на општината (пријавување односно откривање со кое согласно закон се пренесува разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес), вклучително и пријави во врска со сомневање или сознание за корупција во јавните набавки, спроведувани од општината.

2. Овластеното лице е должно да врши прием на пријави и да постапува по истите согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачи, Правилникот за заштитено надворешно пријавување, Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор и Правилникот за спроведување на процедури за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за заштита на личните и другите податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи, а применувајќи ги прописите за заштита на личните податоци и заштита на класифицираните информации.

3. Се денот на влегување во сила на ова овластување, престанува да важи овластување бр.08-927/1 од 17.02.2022 година.

4. Ова овластување влегува во сила со денот на донесувањето.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
Бобан Стефковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СКОПЈЕ

изготвил: Васко Апостоловски

Примил 2 примерока Митко Аџикотарев
10.05.2024 год.